Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-66/1
Датум: 12-01-2024

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминција со бр. 08 – 815/1 од 17.11.2023 година, поднесена од адвокатка [redacted] во име на [redacted] преку законски застапник [redacted] против [redacted] Скопје, за сторена дискриминација во областа на образование врз основа на етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 09.01.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на образование врз основа на етничка припадност од страна на [redacted] Скопје кон [redacted]

## Образложение

На 17.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 815/1 од страна на адвокатка [redacted] преку законски застапник [redacted] против [redacted] – приватно основно училиште, за сторена дискриминација во областа на образование врз основа на етничка припадност.

Во претставката се појаснува дека [redacted], лицето во чие име е поднесена претставката, е дете на возраст од тринаесет години. Тој бил запишан во [redacted] Скопје (во натамошниот текст: [redacted]), каде посетувал градинка и основно образование, заклучно со учебната 2022/2023 година. Во јуни 2023 година [redacted] бил суспендиран од училиштето, односно му бил забранет упис во новата учебна година. Подносителите тврдат дека забраната за упис не била проследена со претходна најава, објективна причина или одлука од страна на училиштето. На 20.06.2023 година родителите на [redacted] примиле писмо од училиштето со бр. 0804 – 671/1, со кое биле известени дека нивниот син нема да биде поканет за упис во учебната 2023/2024 година. Во писмото било наведено дека предметната одлука е донесена во согласност со одредбите пропишани во Училишниот прирачник за учениците и родителите. За подносителите е нејасно за каква одлука станува збор, со оглед на тоа што таква одлука не добиле, па сметаат дека се работи за неформална одлука или став. Во содржината на писмото биле евидентирани прекршоци во врска со постапувањето на [redacted] во текот на учебната 2022/2023 година, кои биле сублимирани под наслов

„Нарушување на етичкиот кодекс на однесување на [redacted]". Подносителите тврдат дека дејствијата на [redacted] не се образложени, ниту поткрепени со докази, туку единствено генерализирано наведени. Па оттука, за нив е нејасно како неговите активности можеле да се подведат под прекршување на Етичкиот кодекс на [redacted]. Освен што со писмото се информираат родителите за суспензијата на [redacted] од училиштето, во содржината е истакнато дека училиштето верува дека на [redacted] ќе му биде од полза нов почеток, во поинаква образовна средина, како и можност за рефлексија кај [redacted] и дека би го зеле предвид продолжувањето на неговото школување во [redacted], доколку имаат доказ за подобрување на однесувањето и под услов да покаже работна навика, согласно условите за запишување во училиштето.

Во претставката се наведува дека не постојат објективни причини што би резултирале со исход како во писмото од [redacted] до родителите на [redacted] Тоа од причина што на [redacted] не му била изречена ниту една педагошка мерка. Доколку биле изречени педагошки мерки или постоеле реални причини, истите требало да бидат документирани и подведени како прекршувања на интерниот Кодекс на училиштето. Подносителите тврдат дека наведеното писмо е единствен документ што воопшто им е доставен на родителите на [redacted] Воедно, наведуваат дека училиштето не презело ништо во однос на „наводните" прекршувања на Кодексот, а што во случај на евентуални повреди би требало да претходи на забраната за понатамошно школување. Во таа смисла истакнуваат дека училиштето не презело мерки како: советување, разговор со ученикот, разговор со родителите, педагог, психолог или било каква стручна помош и поддршка.

Подносителите сметаат дека вистинската причина поради која [redacted] бил отстранет од училиштето е настан што се случил во учебната 2022/2023 година, во кој бил инволвиран [redacted] Појаснуваат дека се работи за настан во кој [redacted] бил предмет на провокација врз етничка основа, инициран од страна на негов соученик, а на таквата провокација [redacted] реагирал. Истакнуваат дека во таква ситуација, училиштето наместо да преземе мерки за соодветно решавање на ситуацијата, го става [redacted] во улога на наводен непослушен и непримерен ученик.

Во претставката се истакнува дека родителите за неговото школување имаат склучено договор со [redacted]. Тврдат дека во тој договор не е предвидена никаква процедура во однос на педагошки мерки спрема ученик, суспензија или како во конкретниот случај, забрана да се продолжи со школување во задолжително основно образование. Дополнително, истакнуваат дека мерка – забрана за школување во задолжително основно образование не е предвидена со закон, а како единствени педагошки мерки се предвидени: усна опомена, писмена опомена, укор, преместување на ученик во друга паралелка и намалување на поведението. Во однос на Законот за основното образование, во претставката се наведуваат одредбите што се однесуваат на заштитата од дискриминација и промоцијата на еднаквоста, како императивни начела во образованието. Аналогно, истакнуваат дека организаторот на основно образование

треба да го следи Законот како минимум стандард и евентуално, согласно содржината на експерименталната програма и интерните акти и процедури на училиштето, основните постулати на законот и законските нормирања на предметната дејност – основно образование, соодветно да ги прилагоди и дотолку повеќе, усоврши или унапреди, но никако не смее да „оди“ под нив.

Последно, во претставката се сублимира наведеното и се истакнува дека [redacted] преку оневозможувањето на [redacted] да го продолжи своето основно образование, изведено од страна на училиштето врз основа на писмо (без наслов, логистика, процедура итн.) сторена е дискриминација спрема [redacted]. Тој не само што останал незаштитен од страна на училиштето при провокации од соученик, туку се тврди дека е дискриминиран и виктимизиран од [redacted] на начин што со целосно непримерен модус и спротивно на сите правила и процедури е отстранет од училиштето, со што му е оневозможено продолжување на основното образование. Подносителите тврдат дека на тој начин е повредено достоинството, интегритетот и правата на ученикот, со што е ставен во нерамноправна положба и му е повредено уставно загарантираното право на основно образование.

За потврда на веродостојноста на тврдењата подносителите во прилог на претставката доставиле:

- Писмо од НОВА до родителите на [redacted] со бр. 0804 – 671/1 од 21.06.2023 година;
- Увид во референтни списи – досие на [redacted] во НОВА;
- Свидетелства издадени од [redacted] (од прво до осмо одделение) на [redacted]
- Договор за школување на [redacted] во [redacted] и
- Мејл од соученик на [redacted] до референтни лица, во врска со инцидентот – провокација од соученик на етничка основа.

Подносителката адвокатка [redacted] во прилог на претставката доставила полномошно, со кое законскиот застапник на [redacted] – [redacted] ја овластил да го застапува пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

На 20.11.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување со барање за произнесување по наводите од претставката до [redacted] Скопје – приватно основно училиште. Со барњето за произнесување беа побарани и следните информации:

- Дали училиштето му изрекло на ученикот [redacted] усна опомена, писмена опомена, укор, го преместило ученикот во друга паралелка или му го намалило поведението или пак изрекло било која педагошка мерка кон ученикот?;

- Дали училиштето спровело советување на родителите/ старателите на ученикот [redacted] Доколку одговорот е позитивен, Ве замолуваме да го доставите Записникот од спроведеното советување.;

- Дали училиштето има внатрешна процедура која предвидува „отстранување на ученик или забрана за запишување во училиштето“? Доколку одговорот е позитивен, Ве замолуваме истата да ја појасните или проследите до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и

- Врз основа на што почива и врз основа на кој акт е донесена Одлуката на [redacted] со која се забранува продолжување на образованието во основното училиште за ученикот [redacted]

На 22.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација стигна поднесок со произнесување по наводите од претставката од [redacted] Скопје, преку полномошник адвокат [redacted]

Во поднесокот за произнесување се негираат наводите за дискриминација, со појаснување на причините поради кои ученикот не бил поканет да го продолжи своето образование во [redacted] Скопје. Се наведува дека причините во никој случај не се поврзани со етничката припадност на ученикот, туку повеќекратно и континуирано прекршување на Кодексот на [redacted], а кое било наведено и во самото известување доставено до родителите. Појаснуваат дека одлуката ученикот да не биде поканет да го продолжи школувањето во училиштето била донесена согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите, а истото било наведено и во известувањето испратено до родителите. Во продолжение се наведени евидентираните прекршувања на Кодексот на однесување на НОВА во учебната 2022/2023 година:

- Вербално/пишано вознемирување/малтретирање;
- Постојано, повторливо, нарушувачко однесување;
- Постојано, повторливо, неуспешно следење на процедурите и очекувањата;
- Континуирана безуспешна комуникација со другите на љубезен начин;
- Континуирано непокажување трудољубивост за учење;
- Непослушност, одбивање во исполнување на школските правила, прописи или одбивање за неисполнување на разумните инструкции и
- Физичко насилство.

Во прилог на овие тврдења, како доказ го доставиле Известувањето од [redacted] Скопје, заведено под бр. 0804 - 671/1 од 21.06.2023 година.

Во однос на Кодексот на однесување на НОВА и останатите правила на училиштето, во поднесокот за произнесување по претставката се појаснува дека истите се уредени со Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook), кој подносителот на претставката [redacted] и неговите родители се обврзале да го почитуваат со потпишувањето на Годишниот договор за школување во [redacted], потпишан помеѓу [redacted] и [redacted] Скопје, од 07.06.2021 година. Со потпишувањето на Годишен договор за школување во [redacted] од 07.06.2021 година, родителите и ученикот биле запознаени со можноста за изрекување на педагошки мерки, вклучително и отпишување од училиштето во случај на прекршување на правилата на училиштето, односно доколку успехот на ученикот и неговото однесување не задоволуваат според проценката на директорот. За потврда на вистинитоста на тврдењето се наведува членот 11 од Годишниот договор за школување во Меѓународни училишта НОВА, потпишан помеѓу [redacted] и [redacted] Скопје, од 07.06.2021 година, во кој е предвидено:

*"Родителот/старателот и ученикот согласни се и се обврзуваат да ги почитуваат правилата и прописите содржани во Правилникот и сите други придружни прирачници на Училиштето.*

*Училиштето има право да го суспендира, отпише или да примени други педагошки мерки на ученикот кој ги прекршува овие правила и прописи, или доколку успехот на ученикот и неговото однесување не задоволуваат според проценката на Директорот.*

*Со потпишување на овој договор се потврдува дека ученикот и родителот/старателот го имаат прочитано Правилникот (Student Parent Handbook) и сите други придружни прирачници на Училиштето, кои се составен дел на овој договор и се обврзуваат да ги почитуваат обврските кои произлегуваат од истиот."*

Како доказ за овие наводи, во прилог на поднесокот за произнесување приложиле:

- Годишен договор за школување во Меѓународни училишта НОВА, потпишан помеѓу [redacted] и Меѓународни училишта НОВА Скопје, од 07.06.2021 година;
- Анекс кон Договорот за школување во Меѓународни училишта НОВА, потпишан помеѓу [redacted] и Меѓународни училишта (МУ) НОВА Скопје, од 07.06.2021 година;
- Student Parent Handbook, last revised August 2022 (Училишен правилник/прирачник за ученици и родители, последно ажуриран Август 2022)

– извадок, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик и

- Student Parent Handbook, last revised May 2023 (Училишен правилник/прирачник за ученици и родители, последно ажуриран Мај 2023) – извадок, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

Во продолжение на поднесокот за произнесување се негираат наводите од претставката дека пред забраната за упис на ученикот не претходеле најави, причини и процедури на училиштето, како и наводите од претставката дека наведените прекшоци на ученикот биле генерализирани, односно дека не произлегуваат од конкретни дејствија на ученикот. Во образложение на наводите одделно се појаснуваат сите конкретни прекршувања на правила на училиштето, кои ученикот Еди Крлиу ги сторил во учебната 2022/2023 година. Се истакнува дека за сите сторени прекршувања и за преземените педагошки мерки, родителите на ученикот биле известени. Прекршувањата на правилата предвидени во Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) сторени во учебната 2022/2023 од страна на ученикот [redacted] се следните:

1) На 06.10.2022 година, ученикот [redacted] се однесувал несоодветно, нарушувачко и без почит за време на часовите. Истиот го нарушувал часот, не ги почитувал правилата и очекувањата за однесување во училница, не се вклучил во процесот на учење, несоодветно и нељубезно се однесувал спрема останатите, вклучително и спрема наставникот и други вработени, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од прв степен.

Ваквото однесување било пријавено од страна на наставникот [redacted], кој на 06.10.2022 година, во училишниот систем (АЛМА) внел забелешка дека [redacted] не се однесувал соодветно, иако учителот побарал од него да го поправи своето однесување, сепак истиот не престанал да се врти наоколу и да зборува со останатите ученици, а доплнително и гласно подригнал.

Истото го потврдиле со доказ - Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted] од 06.10.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

2) На 25.10.2022 година, ученикот [redacted] го нарушил редот во училницата, не ги почитувал правилата и очекувањата за однесување во училница и несоодветно и нељубезно се однесувал спрема останатите, вклучително и спрема наставникот и други вработени, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и

родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од прв степен.

Ваквото однесување било пријавено од страна на наставничката [redacted] која на 25.10.2022 година, во училишниот систем (АЛМА) внела забелешка дека [redacted] разговарал на секој час, а таа секогаш се обидувала тоа да го реши на пријателски начин, но дека овој пат [redacted] навредил друг ученик на начин што му рекол: "*Тебе никој не те сака, дури ни твоето семејство. Ти немаш пријатели*.". Воедно, истата посочила дека [redacted] не ги земал сериозно предвид нејзините забелешки и коментари кои му ги кажувала секој час.

Наведеното го потврдиле со доказ - Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted] од 25.10.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

3) На 26.10.2022 година, ученикот [redacted] го нарушил редот во училницата, не ги почитувал правилата и очекувањата за однесување во училница, несоодветно и нељубезно се однесувал спрема останатите, вклучително и спрема наставникот и други вработени, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од прв степен.

Ваквото однесување било пријавено од страна на наставничката [redacted] која на 26.10.2022 година, во училишниот систем (АЛМА) внела забелешка дека [redacted] удирал на вратата од училницата со сета сила и силно викал, барајќи таа да му го даде неговиот телефон, а како резултат на ваквото однесување таа не му го дала телефонот, туку го однела во канцеларијата кај Г-дин [redacted] и му рекла на [redacted] да го почека Заменик директорот, да разговара со него и дека ќе го добие својот телефон. Но, согласно разговорот со Г-дин [redacted], [redacted] не го почекал, туку самиот влегол во кацеларијата и си го земал телефонот, без ничија дозвола.

Истото е поткрепено со доказ - Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted], од 27.10.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

4) На 26.10.2022 година, ученикот [redacted] го нарушил редот во училницата, не ги почитувал правилата и очекувањата за однесување во училница, не се вклучил во процесот на учење, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од прв степен.

Ваквото однесување било пријавено од страна на наставничката [redacted] која на 26.10.2022 година, во училишниот систем (АЛМА) внела забелешка дека [redacted] се однесувал несоодветно, дека истата го опоменила, но тој рекол дека не сторил ништо. Ваквото однесување се повторувало.

За потврда на наведеното доставен е доказ - Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted], од 27.10.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

5) На 27.10.2022 година, ученикот [redacted] не се вклучил во процесот на учење, несоодветно и нељубезно се однесувал спрема останатите, вклучително и спрема наставникот и други вработени, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од прв степен, поради што согласно Училишниот прирачник му била изречена педагошка мерка – време за рефлексија за време на одморот за ручек.

За ваквото однесување и изречената педагошка мерка биле известени родителите на [redacted] со електронска порака од 27.10.2022 година.

Во прилог доставиле доказ – Електронска порака испратена од [redacted], до Г – дин и Г- а [redacted] од 27.10.2022 година.

6) На 31.10.2022 година, ученикот [redacted] повеќе пати во континуитет го повторувал своето однесување, на начин што не се однесувал со другите на љубезен начин, користел навредлив јазик и пцовки и извршил вандализам, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор и трет степен.

Ваквото однесување било пријавено од страна на [redacted] кој на 31.10.2022 година, во училишниот систем (АЛМА) внел забелешка дека [redacted] по инцидентот кој го имал со друг ученик (ја уништил маската за Денот на вештерките, користел несоодветен јазик, уништил сопственост на друг ученик) поминал два часа во администратиниот дел, за што била испратена електронска порака до родителите.

За потврда на веродостојноста на тврдењата, во прилог доставиле докази – Изведок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted], од 01.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик и Електронска порака од [redacted] од 31.10.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

7) На 03.11.2022 година, [redacted], со електронска порака ги известила родителите на [redacted] дека поради инцидентите на дневна основа, кои вклучуваат и други

соученици или небезбедни однесувања во училница, вклучително и инцидентот на 31.10.2023 година, било потребно да се променат очекувањата од [redacted] во насока на тоа како учениците треба меѓусебно да се почитуваат, да бидат љубезни и срдечни едни кон други и за да се постигне тој ефект [redacted] ќе го го помине 03.11.2022 година, во школска суспензија, за која цел треба да си ги донесе материјалите за работа од часовите за тој ден, а во зависно од текот на денот ќе се одлучело дали ќе помине уште еден ден под суспензија. Воедно, на родителите им било најавено дека ќе се закаже состанок со нив, на почетокот на наредната недела за да се направи план за подршка на [redacted], вклучително и кои би биле следните чекори.

За потврда на наведеното, во прилог на поднесокот доставиле докази – Електронска порака од [redacted], до семејството Крлиу, од 02.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик и Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted] од 03.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

Во продолжение на поднесокот се наведува дека на 03.11.2022 година, родителите на еди биле известени за неговото однесување во текот на денот на суспензијата, па со оглед дека неговото однесување било со почит и љубезно, му било овозможено да се врати на наставата, со надеж дека и понатаму ќе продолжи со такво однесување. Се наведува дека во таа прилика родителите биле поканети на состанок, на што тие одговориле со предог за друг термин, кој од страна на претставниците на училиштето бил прифатен.

Истото е потрекепено со следните докази – Електронска порака од [redacted] од 03.11.2022 година, со прилог од овластен преведувач од англиски на македонски јазик; Електронска порака од [redacted], од 03.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик и Електронска порака од [redacted] од 04.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

8) На 14.11.2022 година, Еди го нарушил редот во училницата, не ги почитувал правилата и очекувањата за однесување во училница, не се вклучил во процесот на учење, несоодветно и нељубезно се однесувал спрема останатите, вклучително и спрема наставникот и други вработени, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од прв степен.

Ваквото однесување било пријавено од страна на [redacted] која на 14.11.2022 година, во училишниот систем (АЛМА) внела забелешка дека [redacted] ги вознемирувал сите останати ученици, му го исклучил полначот на еден соученик од преносниот компјутер, а вознемирувал и друг ученик, се шетал низ училницата

постојано и ниту пишувал, ниту пак посветувал внимание на она што таа го кажувала како наставничка.

Наведеното е поткрепено со доказ – Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted] од 14.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

9) Понатаму се наведува дека на 15.11.2022 година, [redacted] не ги почитувал правилата и очекувањата за однесување во училница, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од прв степен.

Ваквото однесување било пријавено од страна на [redacted] која на 15.11.2022 година, во училишниот систем (АЛМА) внела забелешка дека [redacted] не го предал својот мобилен телефон тој ден (кое нешто како обврска е пропишано со Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook). Таа го прашала дали го оставил телефонот во кутијата, а тој одговорил дека немал телефон со него, после што истата забележала дека телефонот го чувал во својот џеб.

Истото е поткрепено со доказ – Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted], од 15.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

10) На 16.11.2022 година, [redacted] не ги почитувал правилата на училиштето, односно одбил да почитува насоки и инструкции на училишниот персонал, постојано и повторувачки се однесувал нељубезно со другите, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор степен.

Ваквото однесување било пријавено од страна на [redacted] која на 16.11.2022 година, во училишниот систем (АЛМА) внела забелешка дека [redacted] во училишната кафетерија се обидувал да го прескокне редот, сакајќи да дојде на почетокот од истиот и дека на нејзиното барање учениците да направат соодветен ред тој викнал "Nein" на германски јазик, веројатно имајќи информација дека истата предава гермаснки јазик. Таа му рекла да се врати назад во редот, но тој дошол од задниот влез во кафетеријата директно на местото за наплата, при што правел непристојни гестикулации со рацете, кое што предизвикало останатите ученици во кафетеријата да реагираат.

Во прилог на поднесокот за произнесување, во однос на наведеното е приложен доказ – Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted] од 16.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

11) Во поднесокот за произнесување се наведува дека на 21.11.2022 година, од страна на [redacted], во училишниот систем (АЛМА) била внесена забелешка за однесувањето на [redacted] во текот на периодот од 14 - 18.11.2022 година, со наведување на датуми кога и што се случило, како и забелешка од 21.11.2023 година, за изречена педагошка мерка суспензија во училиште.

Во однос на овие забелешки доставени се докази – Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted], од 21.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик и Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted], од 21.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

За ваквото однесување на [redacted] со електронска порака од 18.11.2022 година, биле известени и неговите родители и воедно дека [redacted] ќе биде под суспензија во училиште наредните три дена односно од 21 - 23.11.2022 година. Се наведува дека истите биле известени и дека ќе се закаже состанок со цел да се направи план за подршка на [redacted] вклучувајќи ги и следните чекори.

Тоа се потврдува со докази, доставени во прилог на поднесокот за произнесување – Електронска порака од [redacted] до семејството [redacted] од 18.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик и Електронска порака од [redacted], од 20.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

12) На 21.11.2022 година, [redacted] одбивал да ги почитува училишните правила, не почитувал насоки на училишниот персонал, постојано и повторувачки се однесувал нељубезно со останатите, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор степен.

Се појаснува дека на 21.11.2022 година, од страна на [redacted] во училишниот систем (АЛМА) била внесена забелешка за однесувањето на [redacted] кое било пријавено од [redacted]с, која пријавила дека [redacted] побарала од [redacted] да го напушти просторот на основното училиште во 3:10 попладне, но тој одбил и се однесувал кон неа со особено непочитување, поради што истата го донела [redacted] кај [redacted] со оглед дека колегата [redacted] бил отсутен од канцеларијата, при што [redacted] ја исмевал.

Во однос на наведеното доставен е доказ – Извадок од системот на училиптето (АЛМА), забелешка од [redacted], од 21.11.2022 година

13) На 21.11.2022 година, од страна на [redacted] бил пријавен физички напад на кој се пожалил друг ученик, кој посочил дека [redacted] физички го нападнал, поради што се

пожалил на болки во рамото. Ваквото однесување – физичко насилство, согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од трет степен.

Во однос на истото доставен е доказ - Електронска порака од [redacted] од 22.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

Поради овој настан на [redacted] му била иречена педагошка мерка со суспензија надвор од училиште, а за настанот биле известени и родителите на [redacted] и бил закажан и одржан состанок. Воедно, [redacted] бил упатен на советување со училишниот советник - [redacted]

За потврда на наведеното доставени се следните докази - Електронска порака од [redacted] до Г - дин и Г- а [redacted] од 30.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Електронска порака од Г - а [redacted], од 30.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Електронска порака од [redacted] до Г - а [redacted], од 30.11.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик и Електронска порака од [redacted] до Г - а [redacted] од 01.12.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

14) На 13.12.2022 година, [redacted] се однесувал нељубезно со останатите, сторил насилство во било која форма и вандализам, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од прв и трет степен.

Истиот ден, од страна на [redacted], во училишниот систем (АЛМА) внесена била забелешка за однесувањето на [redacted], на начин што јадењето на друг ученик го фрлил во корпата за отпадоци, со оправдување дека не знаел дека му припаѓа на тој ученик и дека мислел дека ќе биде смешно да го направи тоа. За среќа ученикот имал дополнителна храна за ручек. Било разговарано со [redacted] со надеж дека тоа нема да се повтори.

Во однос на овие наводи доставен е доказ - Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted] од 13.12.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.
За ваквиот настан биле известени родителите на [redacted] со електронска порака од 13.12.2022 година и било побарано од нив да поразговараат со [redacted] за настанот.

Во поднесокот за произнесување ова го докажуваат со - Електронска порака од [redacted], до Г - дин и Г - а [redacted], од 13.12.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

Со цел подобра организација на времето на [redacted] од страна на училиштето, во поднесокот за произнесување се истакнува дека било предложено тој да биде вклучен во одредени активности што би биле од корист за [redacted] а воедно бил предложен и термин за советување со училишниот советник за кое нешто била испратена електронска порака до родителите на 12.01.2023 година, а со кој предлог родителите се согласиле.

Изнесените тврдења ги докажуваат со следните докази - Електронска порака од [redacted] до Г - дин и Г - а [redacted] од 12.01.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Електронска порака Г - а [redacted], од 13.01.2023 година, со прилог превод од властен преведувач од англиски на македонски јазик и Електронска порака од [redacted] до Г - дин и Г - а [redacted], од 16.01.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

Понатаму се истакнува дека училишниот советник ги известил родителите дека [redacted] не се јавил на закажаното советување. Од друга страна, укажал дека забележал одредено подобрување од страна на [redacted] како позитивен чекор напред.

За наведеното доставен е доказ – Електронска порака од [redacted] до Г – дин и Г - а [redacted], од 30.01.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

15) На 16.01.2023 година, [redacted] постојано и повторувачки не ги почитувал правилата и очекувањата во училница и одбил да постапува согласно правилата на училиштето, односно на разумните насоки на училишниот персонал, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор степен.

Истиот ден, [redacted], во училишниот систем (АЛМА) внела забелешка за однесувањето на [redacted] на начин што без дозвола ја напушил училницата, побарал да оди во тоалет, но не му било дозволено, затоа што во исто време друг ученик го користел тоалетот, со забелешка дека [redacted] не го користел тоалетот, туку се шетал во ходникот, за тој период отишол во основното училиште да раговара со ученици од трето одделение кои биле пред своите шкавчиња.
Во однос на овој настан и забелешка доставен е доказ – Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted] од 16.01.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

16) На 10.02.2023 година, [redacted] во континуитет, повеќе пати, не ги почитувал правилата и очекувањата и не се вклучил во наставата, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од прв степен.

Истиот ден, од страна на [redacted], во училишниот систем (АЛМА) била внесена забелешка за однесувањето на [redacted] на начин што истиот не се јавил на часот по поддршка за математика, а по 30 минути го видела во ходникот. Последните 10 минути одбивал да сработи било каква работа, зборувал и ги повторувал на глас зборовите на наставникот. Подоцна одбил да оди и на наредниот час.

Тврдењето во однос на настанот од 10.02.2023 година го поткрепуваат со доказ – Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted] од 10.02.2023 година, со прилог превод од англиски на македонски јазик.

17) Се наведува дека на 14.02.2023 година, [redacted] со електронска порака ги известила родителите на [redacted] за неговото однесување на часовите по шпански јазик, на начин што не доаѓал на часови, доцнел на истите, зборувал гласно и го прекинувал часот, зборувал со други ученици за време на часот и наместо да работи, играл видео игри за време на истиот. При тоа таа побарала помош од родителите, за тие да поразговараат со него за ова прашање, со цел [redacted] да има полза од учењето и часовите.

Ваквото постојано и повторувачко однесување на непочитување на правилата во училница и континурано невклучување во процесот на учење, согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор степен.

Во однос на овие наводите доставен е доказ – Електронска порака од [redacted], до родителите на [redacted] од 14.02.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

18) На 17.02.2023 година, [redacted] постојано и повторувачки се однесувал нељубезно со останатите, одбивал да ги почитува правилата на училиштето, односно на разумните насоки на училишниот персонал, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор степен.
Имено, 17.02.2023 година, од страна на [redacted], во училишниот систем (АЛМА) била внесена забелешка за однесувањето на [redacted] на начин што се однесувал без почит и се обидел чевлите на соученик да ги стави во кутијата за гаснење на пожар близу до

кафетеријата и без оглед на повеќето предупредувања, продолжил да се расправа со неа по настанот.

За настанот биле известени родителите на [redacted] и му била изречена педагошка мерка.

Во однос на овие наводи доставени се докази – Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted], од 17.02.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик и Електронска порака од [redacted], до родителите на [redacted] од 17.02.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

19) На 17.02.2023 година, [redacted] постојано и повторувачки не ги почитувал процедурите и очекувањата во училница и постојано не се вклучувал во процесот на учење, кое однесување согласно во Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор степен.

Истиот ден, [redacted] учителка по математика, ги известила родителите на [redacted] дека не ја решил писмената задача, не доаѓал на часови, се шетал низ ходниците, не следел на часовите и предложила дополнителна настава по часовите за [redacted], како што и претходно било предложено.

Во поткрепа на тврдњата доставени се следните докази – Електронска порака од [redacted] до родителите на [redacted] од 17.02.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Електронска порака од Г – а [redacted], од 20.02.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Електронска порака од [redacted], до родителите на [redacted] од 28.02.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Електронска порака од [redacted], од 28.02.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Електронска порака од Г - а [redacted] од 28.02.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик и Електронска порака од [redacted], до родителите на [redacted] од 01.03.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

20) На 03.03.2023 година, [redacted] користел навредлив јазик, односно пцовки кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од трет степен.
Имено, 03.03.2023 година, [redacted] ги известил родителите дека [redacted] му се обратил со пцовки пред целиот клас и ги замолил родителите да поразговараат со него во врска со тоа.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

За потврда на веродостојноста на наведеното доставени се докази – Електронска порака од [redacted] до родителите на [redacted] од 03.03.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Електронска порака од [redacted] до [redacted], од 05.03.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Електронска порака од [redacted] до [redacted], од 05.03.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик и Електронска порака од [redacted] до [redacted], од 07.03.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик

21) На 17.03.2023 година, [redacted] постојано и повторувачки го попречувал редот во училницата, не ги почитувал процедурите и очекувањата во училница, постојано и повторувачки се однесувал нељубезно со другите, постојано не се вклучувал во процесот на учење, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор степен.

[redacted] учителка по математика, ги известила родителите на [redacted] дека истиот на часот за подршка по математика не ги решил задачите, дека тетратката му била празна, дека го попречувал часот со своето однесување, дека иако се извинил, продолжил несоодветно да се однесува, дека учителката се обидела да работи директно со него еден на еден, како и дека повеќе не е сигурна како да постапува со [redacted], со оглед дека тој не го контролира своето однесување, дека не е мотивиран да работи, иако постојано му се помага и му се даваат насоки.

За наведеното, во прилог на поднесокот за произнесување доставени се следните докази – Електронска кореспонденција помеѓу [redacted] и Г – а [redacted] за период од 17.03.2023 – 20.03.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

22) На 04.04.2023 година, [redacted] постојано и повторувачки го нарушувал редот во училница, не се однесувал со другите на љубезен начин, одбивал да ги почитува училишните правила, односно одбивал да ги почитува насоките од училишниот персонал, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор степен.

На 04.04.2023 година, од страна на [redacted] во училишниот систем (АЛМА) била внесена забелешка за однесувањето на [redacted], објаснувајќи го неговото однесување како несоодветно, на начин што иако на групата ученици во која бил и [redacted] таа им посочила дека треба да бидат потивки, тие одбиле. При тоа, [redacted] ја ставил капата на глава и рекол дека тој е "Шефот", на што учителката му ја побарала неколку пати

капата, но тој одбил да и ја даде, после што таа му ја земала. Потоа [redacted] дошол кај неа во кацеларија, ја барал капата и на многу груб и нељубезен начин викал на неа, после што таа повикала обезбедување.

Во однос на наведениот настан доставен е доказ – Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted], од 04.04.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

23) На 05.04.2023 година, [redacted] постојано и повторувачки се однесувал со другите нељубезено и небезбедно, на начин што ја загрозил личната и безбедноста на другите, одбивал да ги почитува училишните правила, односно одбивал да ги почитува разумните насоки од училишниот персонал, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор степен.

Имено, на 05.04.2023 година, од страна на [redacted] во училишниот систем (АЛМА) била внесена забелешка за однесувањето на [redacted] на начин што физички ги задевал останатите ученици (ги влечел и ги удирал со хартија, влечел ученик кој лежел на подот), за што таа повеќе пати го предупредила и му кажала дека ќе му биде изречена педагошка мерка, но и покрај тоа, тој продолжил со своето однесување.

За истото доставен е доказ во прилог на поднесокот за произнесување – Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted], од 05.04.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

24) Понатаму, на 13.04.2023 година, [redacted] постојано и повторувачки го нарушувал редот во училницата, постојано и повторувачки не ги почитувал училишните правила и очекувања, постојано и повторувачи не се однесувал со другите на љубезен начин и не се вклучувал во процесот на учење, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор степен.

На 13.04.2023 година, од страна на [redacted] во училишниот систем (АЛМА) внесена била забелешка за однесувањето на Еди, на начин што ја имитирал додека таа предавала, ги задевал учениците и иако неколку пати го замолила да престане, тој не престанал поради што го замолила да ја напушти училницата.

За овој настан доставен е доказ – Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted], од 13.04.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

25) На 13.04.2023 година, [redacted] постојано и повторувачки не се однесувал со другите на нељубезен начин, одбивал да ги почитува училишните правила, односно одбивал да ги почитува насоките од училишниот персонал, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор степен.

Имено, на 13.04.2023 година, од страна на [redacted] во училишниот систем (АЛМА) била внесена забелешка за однесувањето на [redacted] на начин што не ги следел насоките од учителката, која го замолила да се премести на друго столче, а тој не сакал.

За истото доставен е доказ – Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted] од 13.04.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

26) Во произнесувањето се наведува дека на 14.04.2023 година, [redacted] испратил електронска порака до родителите на [redacted] со која ги информирал за несоодветните избори во своето однесување кои ги направил во периодот од 03-14.04.2023 година. Во истата електронска порака побарал тие да поразговараат со [redacted] во врска со неговото однесување.

Во однос на оваа комуникација доставен е доказ – Електронска кореспонденција помеѓу [redacted] Г – а [redacted] за период од 14.04.2023 – 24.04.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик и Извадок од системот на училиштето, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

27) Во поднесокот за произнесување се тврди дека на 04.05.2023 година, [redacted] извршил сериозно вознемирување, односно физичко насилство, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од трет степен. Поточно, [redacted] ја удрил учителката [redacted] со пластично шише во пределот на главата.

Во прилог на наведеното доставени се докази – Електронска порака од [redacted] до [redacted] од 04.05.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик и Елктронска порака од [redacted], до надлежните во училиштето, од 05.05.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

28) На 05.05.2023 година, [redacted] испратил електронска порака до родителите на [redacted] со која ги информирал за однесувањето на [redacted] во периодот од 24.04-05.05.2023 година.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

За истото доставен е доказ во прилог на произнесувањето – Електронска порака од [redacted], до родителите на [redacted], од 05.05.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.
29) Во продолжение се наведува дека на 12.05.2023 година, [redacted] попостојано и повторувачи го нарушил редот во училницата и постојано и повторувачки не ги почитувал правилата и очекувањата во училница, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од втор степен. Поради несоодветното однесување на часот (одење во тоалет без дозвола, зборување на час и попречување на атмосферата на час) учителката за поддршка по математика - [redacted] му определила педагошка мерка – време за рефлексија (размислување).

За определување на педагошката мерка, наставничката испратила електронска порака до [redacted] и до неговите родители на 12.05.2023 година. Истото е потврдено со достава на доказ во прилог на поднесокот за произнесување.

30) На 13.05.2023 година, [redacted] бил вклучен во настан со физичко насилство, кое однесување согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определено како несоодветно однесување од трет степен. Тој ден, за време на Семејниот фестивал во училиштето, [redacted] физички нападнал друг ученик, удирајќи го со тупаници во пределот на главата. Со поднесокот за произнесување се информира дека предметниот настан, од страна на училштето, согласно член 66 од Законот за основното образование и одредбите од Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, бил пријавен во Центарот за социјални работи и во Министерството за внатрешни работи.

Во однос на овој настан доставени се следните докази – Електронска порака од родител на друг ученик, до надлежните во училиштето, од 23.05.2023 година, Електронска порака од [redacted] до родител на друг ученик, од 23.05.2023 година, Електронска порака од [redacted] до надлежните во училиштето, од 22.05.2023 година, Електронска порака од [redacted] до надлежните во училиштето, од 18.05.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Видување на другиот ученик за настанот заведена под 0306 – 596/5 од 22.05.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Видување на [redacted] за настанот заведена под 0306 – 596/4 од 22.05.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Изјава од [redacted] заведена под 0306 – 596/3, Формулар за евиденција на насилство 0306 – 596/2 од 22.05.2023 година, Известување за пријава на инцидент доставено до Центарот за социјални работи заведено под 0306 – 597/1 од 22.05.2023 година, Електронска порака за достава на Известување до [redacted], од [redacted]

Скопје, до Центарот за социјални работи од 23.05.2023 година и Известување за пријава на инцидент доставено до Министерството за внатрешни работи заведено под 0306 – 596/1 од 22.05.2023 година.

Со сето наведено во поднесокот за произнесување наведуваат дека се негираат наводите од претставката – дека не постоеле причини кои би резултирале со исход како во Известувањето бр. 0804 – 671/1 од 21.06.2023, дека не биле применети педагошки мерки кон ученикот, дека не биле доставени известувања до родителите, дека не биле преземени дејствија на советување, разговор со ученикот, односно разговор со педагог, психолог или било каква стручна поддршка на ученикот. Се наведува и дека од изнесеното и доставените докази може да се утврди дека во текот на целата учебна 2022-2023 година, ученикот [redacted], постојано и во континуитет не ги почитувал правилата кои се предвидени во Училишниот правилник за ученици и родители, односно дека постојано се однесувал на начин кој согласно делот насловен како: "*Примери на недолични однесувања и последици*" од Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е определен како несоодветно, односно недолично однесување од **прв степен**, **втор и трет степен**. Истакнуваат дека од наведеното и доставените докази може да се утврди и дека во зависност од степенот на несоодветното однесување на ученикот [redacted], му биле изречени бројни педагошки мерки кои се предвидени во деловите насловени како: "*Постапка при однесувања од прв степен и последици*" и "*Постапка за однесувања од втор и трет степен*" од Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) и тоа:

- **За однесувањата од прв степен**: усни опомени и укажувања од учителите за несоодветното однесување, внесување на забелешки во училишниот систем (АЛМА), известување преку електронска порака до родителите;

- **За однесувањата од втор и трет степен**: состанок со родителите, понатамошна комуникација со родителите, средби со училишниот советник, план за вклучување на ученикот во активности кои би биле од корист, упатување кај директорот, суспензија во училиште, суспензија надвор од училиште.

Полномошникот на посочениот дискриминатор истакнува дека родителите на ученикот требале и можеле да знаат дека постои можност истиот наредната година да не биде поканет да го продолжи школувањето во [redacted] Скопје, имајќи предвид дека пред да им биде доставено Известувањето заведено под бр.0804-671/1 од 21.06.2023 година, од страна на [redacted] Скопје, биле преземени низа педагошки мерки согласно Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook), како и дека за постапувањето на ученикот и за применетите педагошки мерки тие тековно биле известувани. Особено поради тоа што со самото потпишување на Годишен договор за школување во Меѓународни

училишта НОВА, од 07.06.2021 година, **родителите и ученикот биле запознаени со можноста за изрекување на педагошки мерки, вклучително и отпишување од училиштето, во случај на прекршување на правилата на училиштето**, односно доколку успехот на ученикот и неговото однесување не задоволуваат според проценката на директорот, што всушност и е изразено во член 11 од Годишниот договор за школување во [redacted] Скопје, потпишан помеѓу [redacted] и [redacted] Скопје на 07.06.2021 година. Во прилог на тврдењето истакнуваат дека е и фактот што конкретната педагошка мерка е предвидена во делот насловен како: "*Постапка за однесувања од втор и трет степен*" од Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook), со кој родителите и ученикот се обврзале да се запознаат и се обврзале да го почитуваат со потпишувањето на Годишниот договор за школување во [redacted]. Воедно, истакнуваат дека Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е објавен на интернет страницата на Меѓународни училишта НОВА Скопје и истиот е достапен за сите ученици и родители.

За потврда на изнесеното во пилог на поднесокот приложиле доказ – Извадок од интернет страницата на [redacted] Скопје (достапен на https://www.nova.edu.mk/about-nova/student-parent-handbook со внесување на кодот "NOVA1234")

Во поднесокот за произнесување се истакнува дека се неосновани наводите од претставката дека зад точките од Известувањето заведено под бр.0804-671/1 од 21.06.2023 година, [redacted] Скопје, сакаат да ја затскријат ституација која се посочува во претставката. Поради тоа што причината поради која ученикот не бил поканет да го продолжи школувањето во училиштето не е причината наведена во претставката, туку причината е неговото однесување и постапување во текот на целата учебна 2022-2023 година, со кое однесување постојано и во континуитет ги прекршувал правилата за однесување предвидени во Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook), а за кое има внесени забелешки во училишниот систем АЛМА и известувања од повеќе различни учители и вработени во училиштето. Воедно, се негираат и останатите наводи од претставката со образложение дека од страна на учителите и училиштето биле применети низа педагошки мерки, со цел да му се укаже на ученикот за неговото однесување и да му се даде можност истото да го подобри. Во оваа насока било спроведено и советување со училишниот советник, се известувале родителите, се разговарало со нив, се барало родителите да разговараат со ученикот, но ништо од тоа не вродило со значајни промени во однесувањето и постапувањето на ученикот, а кое нешто резултирало со примена на педагошката мерка со непродложување на школувањето во училиштето, односно исклучување, која е предвидена во делот насловен како: "*Постапка за однесувања од втор и трет степен*" од Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook).

Во однос на настанот опишан во претставката, во произнесувањето се појаснува следното: „се однесува на физички конфликт кој настанал помеѓу [redacted] и друг ученик. При тоа, на сите ученици инволвирани во настанот била применета педагошка мерка соодветна на степенот на несоодветно однесување согласно делот насловен како како: "*Примери на недолични однесувања и последици*" и делот насловен како: "*Постапка за однесувања од втор и трет степен*" од Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook).
Имено, станува збор за настанот посочен погоре во ова Произнесување, кој се случил на 21.11.2022 година, кога [redacted] физички нападнал друг ученик поради што на [redacted] била применета педагошка мерка со суспензија надвор од училиште, а за овој настан биле известени и неговите родители и бил закажан и одржан состанок. Воедно, [redacted] бил упатен на советување со училишниот советник [redacted]

Во однос на другиот ученик, кој бил учесник во овој настан, се појаснува дека кон него била исто така изречена педагошка мерка, со оглед на тоа што со своето несоодветно и недозволено однесување (користење на националистичка реторика) придонел кон развој на настанот. Кон овој ученик била применета педагошката мерка – суспензија во училиште, а воедно биле известени и неговите родители.

За потврда на изнесеното, доставени се следните докази: Електронска порака од [redacted] до семејството на ученикот, од 02.12.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик,Извадок од системот на училиштето (АЛМА), забелешка од [redacted], од 02.12.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Извадок од системот на училиштето (АЛМА), за отсуство на 05 и 06.12.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Електронска порака од [redacted], до семејството на ученикот, од 06.12.2022 година, Електронска порака од родител на ученикот, од 06.12.2022 година, Електронска порака од [redacted] до учителите на ученикот, од 07.12.2022 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик, Електронска порака ученик од 6-1 одделение, до [redacted] од 26.11.2022 година и Електронска порака [redacted] до ученик од 6-1 одделение, од 26.11.2022 година.

Од овде истакнуваат дека се докажува спротивното од наведеното во претставката дека училиштето не презело мерки во врска со предметниот настан и напоменуваат дека педагошки мерки биле применети не само кон [redacted], туку и кон другиот ученик, кој бил учесник во настанот. Воедно, биле известени и родителите на двајцата ученици што биле инволвирани во настанот. Врз основа на тоа, се негираат наводите за дискриминација сторена врз основа на етничка припадност кон [redacted], а за потврда на истото се наведува дека несоодветното однесување и прекршување на правилата на училиштето од страна на [redacted] се случувало во континуитет и пред

овој настан, а продолжило и понатаму во текот на целата учебна 2022/2023 година. Дотолку повеќе, пријавувањата на однесувањата на [redacted] во текот на целата година биле направени од повеќе различни учители и вработени, кое нешто укажува на околноста дека станува збор за објективни случувања потврдени од повеќе лица. Понатаму, во поднесокот за произнесување се истакнува неоснованост на наводите од претставката за непостоење на предвидена процедура во врска со пременетите педагошки мерки, особено мерката непродолжување на школувањето, наведувајќи дека процедурите се уредени во деловите од Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook): *„Примери на недолични однесувања и последици“* и *„Постапка за однесувања од втор и трет степен“*.

Со поднесокот за произнесување се информира Комисијата за неоснованост на наводите од претставката дека од страна на [redacted] Скопје, на ученикот [redacted] му било оневозможено остварување на уставно загарантираното правото на основно образование, кое е задолжително, поради тоа што тој своето образование го продолжил во друго приватно училиште. Оттука, истакнуваат дека не може да се заклучи дека [redacted] Скопје, на било каков начин го оневозможиле во остварување на правото на образование.

Во однос на ова тврдење доставиле доказ – Електронска порака од [redacted], вработена во Quality Schools International (QSI) of Skopje, до [redacted] Скопје, од 22.08.2023 година, со прилог превод од овластен преведувач од англиски на македонски јазик.

Се истакнува дека од доставените докази произлегува дека [redacted] Скопје, во целост го почитувале достоинството, интегритетот и правата на секој еден нивни ученик, вклучително и [redacted] и дека имале еднаков пристап и третман на сите ученици, без оглед на нивните разлики од било кој вид, вклучително и нивната етничка припадност. Ова особено ако се има предвид дека [redacted] Скопје, учат ученици од различни земји, различна етничка припадност и различни култури. Врз основа на изнесеното во поднесокот за произнесување резимираат дека не се основани наводите на подносителот на Претставката [redacted] дека од страна на [redacted] Скопје, е сторена негова дискриминација на начин што истиот останал незаштитен од страна на училиштето од провокации на друг ученик на етничка основа, односно на начин што дополнително бил виктимизиран, а со тоа и дискриминиран од страна на училиштето, спротивно на сите правила и процедури бил отстранет од училиштето и му било оневозможено продолжување на основното образование, а кое било сторено без било какво почитување на процедура, достоинство, интегритет и права на дете со што бил доведен во нерамноправна положба.

Полномошникот на посочениот дискриминатор истакнува процесни приговорои во однос на ненавременост на претставката. Истиот појаснува дека претставката е ненавремена, односно поднесена спротивно на член 24, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, каде е предвидено дека: "*Претставката може да се поднесе* ***најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација*** *или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата*.". Тој тврди дека настанот кој подносителот на претставката го посочува како акт на дискриминација се случил на 21.11.2022 година, како и дека подносителот за овој акт дознал веднаш, со оглед дека самиот бил учесник во настанот, не е спорно дека претставката е ненавремена затоа што рокот од шест месеци предвиден во член 24, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, изминал пред 17.11.2023 година, кога истата била поднесена. Врз основа на наведеното, предлага Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да ја отфрли претставката поради ненавременост.

Ценејќи ги наводите од претставката и поднесокот за произнесување по претставката, како и приложените докази кон истите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација од страна на [redacted] Скопје. **За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторската основа – етничка припадност и настанатата повреда. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот.**

Во претставката е наведено дека поради неговата етничка припадност, ученикот бил ставен во нееднаква положба со тоа што му се ускратило уставно загарантираното право на задолжително основно образование. Како повреда настанатата од дејствијата на училиштето, кои подносителот ги квалификува како дискриминација се наведува оневозможувањето за понатамошно школување во училиштето. Се тврди дека тоа е преземено како резултат на конкретен настан, испровоциран од етнички мотиви помеѓу [redacted] и друг ученик. Подносителите наведуваат дека училиштето не презело никакви дејствија на заштита кон ученикот, не изрекло педагошки мерки, тековно не ги известувало родителите, ниту подробно ги појаснило основите за негово исклучување од училиштето.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека **со тврдењата изнесени во поднесокот за произнесување, како и со доказите со кои се потврдува нивната веродостојност, се побиваат наводите од претставката**, конкретно:

- Училиштето **има утврдена постапка за изрекување на педагошки мерки, вклучително и мерката непродолжување на образованието, односно исклучување.** Однесувањата кои се сметаат за недозволени и педагошките мерки што може да ги изрече училиштето се предвидени во Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook). Имено, во делот насловен како: "*Примери на недолични однесувања и последици*" од Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook) е уредено кои однесувања се сметаат за несоодветни, односно недолични однесување од прв степен, втор и трет степен, а во деловите насловени како: "*Постапка при однесувања од прв степен и последици*" и "*Постапка за однесувања од втор и трет степен*" од Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook), е предвидена постапката при однесувања на ученик од прв степен, како и постапката при однесување на ученик од втор и трет степен.

- Освен ученикот и неговите родителите биле **должни да се запознаат со интерните правила на училиштето**, потпишувајќи го Договорот за школување;

- **Родителите на [redacted] тековно биле известувани за неговото постапување и со истите биле одржувани состаноци**, од што произлегува дека тие знаеле за поведението на Еди, вклучително и како се квалификува тоа поведение и последиците од истото;

- Кон ученикот [redacted] **биле применети следните педагошки мерки**, кои училиштето ги предвидело во Училишниот прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook): усни опомени, време за рефлексија (размислување), известување на родителите, писмена комуникација со родителите, средби со училишниот советник, суспензија во училиште, суспензија надвор од училиште и исклучување.

**Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека во конкретниот случај не постои повреда на право, од причина што оневозможувањето ученикот да го продолжи школувањето во училиштето не е произволно и без основа, туку единствен логичен след на сите постапки и однесување на ученикот, квалификувани како повреди на училишниот ред од прв, втор и трет степен, согласно интерниот акт на училиштето - Училишен прирачник за учениците и родителите (Student Parent Handbook). Имено, во овој прирачник е предвидена и постапката која следува за однесување како на ученикот, опишано во забелешките од повеќе наставници, доставени во прилог на поднесокот за произнесување:**

<u>Постапка при однесувања од прв степен и последици</u>

Прв чекор – Прва усна опомена – потсетување на правилото од страна на наставникот. На ученикот му се посочува соодветното правило на паралелката или училиштето коешто не го испочитувал/а.
Втор чекор – Втора усна опомена од страна на наставникот или член на персоналот на училиштето на било кој час или училишна активност што ќе резултира со формална опомена во Alma – Забелешки (Администрација). Наставникот ќе ги извести родителите за видот на недолично однесување преку е - маил со "СС" кон Директорот на отсекот.
Трет чекор – насобрани три (3) формални опомени ќе резултираат со: писмена комуникација меѓу наставникот/наставниците и Директорот на отсекот и Училишниот советник, па ќе следи писмена комуникација со родителот/родителите, а писмен извештај за природата на недоличното однесување ќе се чува во Alma од администрацијата. Последица/казна може да биде размислување за време на ручек. Во текот на казната учениците ќе бидат замолени да седат мирно и да размислат за причината/причините за казната и ќе им биде побарано да објаснат на кои начини би можеле да се подобрат.
Четврти чекор - насобрани 3 казни за време на ручек во еден квартал може да доведат до казна - задржување после училиште или суспензија во рамки на училиштето. Родителите ќе бидат информирани за казната.

<u>Постапка при однесување од втор и трет степен</u>

Ученик кој бил под суспензија во рамки на училиштето, поради постојано непочитување на училишната рутина и правила или ученик којшто има извршено однесување од втор или трет степен може директно да се испратат кај Директорот за да се разгледа проблемот и да се препорачаат последици/казни коишто вклучуваат, но не се ограничени со следново:

- Средба со родителите, ученикот и советник;
- Понатамошна писмена комуникација со родителот/родителите;
- Договор за подобрување на однесувањето и акционен план што треба да се потпишат од ученикот и родителите;
- При академска нечесност/плагијат, задачата нема да добие оценка;
- Упатување кај Директорот на отсек;
- Упатување кај Директорот на НОВА училиштето;
- Суспензија во рамките на училиштето (учениците го поминуваат денот со академски активности под надзор на администрацијата, но без привилегијата да присуствуваат на часови, голем одмор, ручек итн... Тие ручаат/имаат ужина под казна;
- Чин на надоместување сразмерен на недоличното однесување (ученикот фрла отпадоци = му се дава задача да собира ѓубре);
- Суспензија надвор од училиштето и

- Исклучување од НОВА;

Во случајот не постои ниту поврзаност помеѓу конкретна повреда и дискриминаторската основа, односно повреда сторена врз дискриминаторска основа. Поточно, неовозможувањето на ученикот за школување во училиштето не е поврзано со неговата етничка припадност, туку тоа се должи на горенаведените причини. Дотолку повеќе што во конкретниот случај посочениот дискриминатор е меѓународно училиште, во кое се запишани и учат ученици од различна етничка припадност. Истовремено, не е воочен понеповолен или нееднаков третман кон ученикот, особено поради тоа што не е наведен компаратор, односно не е докажано дека кон [redacted] се постапило различно од друг ученик, кој бил во иста или споредлива ситуација, само поради неговата етничка припадност. Поради тоа, наведените дејствија во претставката не би можеле да се квалификуваат како во член 8, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Поради образложеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатираше дека **не се исполнети елементите од законската дефиниција за дискриминација предвидена во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на ова Мислење дека во конкретниот случај не се утврдува дискриминација врз основа на етничка припадност од страна на [redacted] Скопје кон [redacted] во областа на образованието.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
-